Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-166/3
11-04-2023 година

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-166/1 од 13.02.2023 година, поднесена од [redacted] против СОУ „Крсте Петков Мисирков“ Битола, за извршена дискриминација во областа работа и работни односи без прецизирана дискриминаторска основа, врз основа на член 21 став 1 точка 14 и член 24 став 2 од Законотт за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр. 258/20), Комисијата за спречување и заштита од искриминација на 11.04.2023 годин го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК ЗА ОТФРЛАЊЕ НА ПРЕТСТАВКАТА ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ

**Се отфрла** претставката за заштита од дискриминација поднесена од [redacted] против СОУ „Крсте Петков Мисирков“ Битола, за извршена дискриминација во областа работа и работни односи без прецизирана дискриминаторска основа, **заради неуредност**.

## Образложение

На 13.02.2023 година, пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација добиена е претставка бр. 08-166/1, поднесена од [redacted] против СОУ „Крсте Петков Мисирков“ Битола, за извршена дискриминација во областа работа и работни односи без прецизирана дискриминаторска основа.

Согласно член 24 став 1 од Законот, претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот. Притоа, поносителот треба да наведе и по која дискриминаторска основа се чувствува дискриминиран.

Имено, според Законот, *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска*

*основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на оддредено лице или група на еднаква основа со други.*

Членот 5 од Законот гласи: *Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверувањ, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Со оглед дека Комисијата утврди дека поднесената претставка не ги содржеше потребните елементи, согласно член 24 став 2, на 16.02.2023 година до подносителката испрати Барање за доуредување бр.08-166/2, со кое побара во рок од 8 дена по приемот да ја доуреди претставката со потребните елементи.

Видно Повртницата за врачување на пратка преку пошта, подносителката го примила Барањето на 17.02.2023 година, но не го искористила своето право да ја доуреди претставката со потребните податоци, па со оглед на истото, Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

1. [redacted]
2. Архива на КСЗД